Бр./Nr 12-714/4
16-10-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-тата седница одржана на ден 13.10.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот оформен по пријава со број 12-2992/1 од 20.11.2024 година и кон него споен предмет со бр.12-626/1 од 03.02.2025 година, во кои се изнесени наводи за сомневање за незаконска приватизација на државно земјиште заведено на катастарските парцели со број КП------/-- и со број КП------ КО ------------, како и наводи за сомневање за незаконитости во постапките за изградба на бесправно изградени објекти, кои се наоѓаат на овие катастерски парцели, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што за случајот постапува друг надлежен орган (ОЈО ------------).

Предметот со број 12-2992/1 од 20.11.2024 година и кон него споен предмет со бр.12-626/1 од 03.02.2025 година да се затворат и да се архивират.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата постапува по предмет оформен по пријава со број 12-2992/1 од 20.11.2024 година, во која се изнесени наводи за сомневање за незаконска постапка за приватизација на државно земјиште заведено на катастарските парцели со број КП--------/-- и број КП------- КО ----------, како и наводи за сомневање за незаконитости во постапките за изгрдба на бесправно изградени објекти, кои се наоѓаат на овие катастерски парцели.

По заклучок на ДКСК, кон предметот е споен предмет со бр.12-626/1 од 03.02.2025 година, поради тоа што наводите се однесуваат за ист предметен случај и поради постапување и одлучување на ДКСК во единствена постапка.

Во насока на утврдување на фактичката состојба во предметниот случај, а при тоа земајќи во предвид дека се работи за државно земјиште, која се наоѓа на територија која има посебно утврден статус, Парк на ----------------------------, Државната комисија се обрати до Јавното Обвинителство на Република Северна Македонија, од каде побара да се достави информација за тоа, дали постапуваат по предмет со исти наводи.

На ден 18.09.2025 година, Основното Јавно Обвинителство ----------- достави Одговор, во кој се наведува дека постапува по предмет со бр.КО.бр.-----/-----, оформен врз основа на кривична пријава поднесена против службени лица вработени во Одделението за имотно правни односи – ----------, како орган во состав на Министерството за финансии, Овластен градежен инспектор во Општина ------------ и други лица. ОЈО на РСМ информира дека во врска со предметниот случај се преземени истражни дејствија и обвинителската постапка е во тек.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, поради тоа што постапува друг надлежен орган и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик претседател
м-р Цвета Ристовска

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК